**ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ**

# И З В Е Ш Т А Ј

за активностите на Системот за управување со кризи, во врска со Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на врнежи и поплави на дел од територијата на Република Македонија, донесена од Владата на Република Македонија, под број 42-6347/1 од 7.08.2016 година и преземените активности од надлежните институции во подрачјата опфатени со поплавите.

Скопје , Септември 2016 година

**СОДРЖИНА:**


| Реден број | Под број | Назив | Страница број |
|---|---|---|---|
| | | ОСНОВ | 3 |
| | | ВОВЕД | 3 |
| 1 | | КООРДИНАЦИЈА, ПРЕВЗЕМЕНИ МЕРКИ И АНГАЖИРАНИ СИЛИ | 4 |
| | 1.1 | АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ | 8 |
| | 1.2 | АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО | 10 |
| | 1.3 | АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ | 11 |
| | 1.4 | АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ | 11 |
| | 1.5 | АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА | 12 |
| | 1.6 | АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО | 14 |
| | 1.7 | АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА | 15 |
| | 1.8 | АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА ЦРВЕН КРСТ | 15 |
| 2 | | ЗАВРШЕНИ, ПРЕТСТОЈНИ, И АКТИВНОСТИ КОИ КОНТИНУИРАНО СЕ СПРОВЕДУВААТ | 17 |
| | 2.1 | Завршени активности | 17 |
| | 2.2 | Престојни активности | 18 |
| | 2.3 | Активности кои континуирано се спроведуваат | 18 |
| | | ПРИЛОЗИ | 19-27 |

# И З В Е Ш Т А Ј

за активностите на Системот за управување со кризи, во врска со Одлуката за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на врнежи и поплави на дел од територијата на Република Македонија, донесена од Владата на Република Македонија, под број 42-6347/1 од 7.08.2016 година и преземените активности од надлежните институции во подрачјата опфатени со поплавите

**ОСНОВ:**

Овој Извештај се изработува согласно член 31 став 3 од Законот за управување со кризи (Службен весник на Република Македонија бр.29/05), а се однесува на периодот од донесената Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на врнежи и поплави на дел од територијата на Република Македонија, за периодот од 07.08.2016 година до 22.08.2016 година.

**ВОВЕД:**

На 06.08.2016 година дел од подрачјата во градот Скопје и северозападниот дел на Република Македонија, односно Тетовскиот регион беа зафатени од обилни, дождови кои се третираат како илјадагодишни води.
Според Управата за хидрометеоролошки работи измерени врнежи од 93 литри на метар квадратен на оддалеченост од 5 км од настанот (на Зајчев Рид) .
Фокусот на непогодата се подрачјата на општините Гази Баба и Арачиново, односно селата Смилковци, Синѓелиќ, Стајковци, Економија, Арачиново, Брњарци, Инџиково, Цршево, Виниче, Камник и населбата Ченто, додека подрачјето на општина Тетово беше зафатено со помал интензитет на врнежите и истите предизвикаа значително помала штета, за која не беше потребно ангажирање на поголеми сили и средства како во Скопските општини.

Зафатена беше област од околу 50 км квадратни, со околу 5.000 домаќинства и околу 20.000 жители. Домаќинствата и целокупната инфраструктура во претходно наведените подрачја беше поплавена наместа и до два метри надојдена вода.
Последиците од обилниот дожд пред се` се почувствувани во подрачјето на градот Скопје, додека во Тетовскиот регион (во селата Шипковица, Бродец и Вејце) е причинета значителна материјална штета на патната инфраструктура, додека домаќинствата не беа загрозени.
Првиот поплавен бран причини најголеми штети во Скопското подрачје, со биланс од загубени 22 човечки животи (сите македонски државјани), едно 18 месечно бебе се води како исчезнато, а повеќе од 100 лица се хоспитализирани. Повеќе од 1000 лица се спасени од поплавени домови и возила во првите часови од настанот, во ноќни услови, со дожд и засилен ветар и со исклучена електрична енергија.
Првичните проценки упатуваа на целосно или делумно поплавени и/или разрушени семејни куќи и придружни објекти (штали, гаражи за земјоделска механизација, лесни возила и камиони, амбари за сточна храна), поплавени односно руинирани возила и земјоделска механизација, пластеници и градинарски култури во ек на берба –

економска дејност на населението. Имаше значителен дел на угинати или поплавени стока и живина.
Патната инфраструктура е речиси целосно уништена, вклучувајќи автопат (надвор од функција беше обиколницата на Скопје која како тампониран пат е оспособена за сообраќај на 11.08.2016 година). Јавниот автобуски превоз беше прекинат.
Реони од поплавените подрачја четири до пет дена беа без електрична енергија. Истата не можеше да се воспостави поради поплавени три трафостаници и поголем дел од електричната инфраструктура на домаќинствата.
Водоводната мрежа на афектираното подрачје беше надвор од употреба. Првите анализи покажаа дека нема бактериолошка неисправност, но сеуште остануваат на сила препораките за користење флаширана вода за пиење. Фекалната канализациска мрежа и септички јами беа целосно поплавени и измешани беа фекални и атмосферски води.
Телекомуникациите беа ограничени на мобилна телефонија.
Согласно иницираниот предлог на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, за прогласување на кризна состојба на дел од територијата на Република Македонија, на подрачјето на Скопскиот и Тетовскиот регион, во времетраење од 15 дена, Владата на Република Македонија го прифати предлогот и донесе Одлука за постоење на кризна состојба заради зголемен обем на врнежи и поплави на дел од територијата на Република Македонија.
Покрај одлуката за постоење кризна состојба, Владата на Р. Македонија на вонредна седница одржана на ден 07.08.2016 година, заради жртвите од поплавата, го определи 08.08.2016 година како ден на жалост. Истата се спроведе на целата територија на Република Македонија и во ДКП надвор од земјата.

## 1. КООРДИНАЦИЈА, ПРЕВЗЕМЕНИ МЕРКИ И АНГАЖИРАНИ СИЛИ:

За координација на активностите активиран е Главниот штаб за управување со кризи во Центарот за управување со кризи.
Владата на Република Македонија, со цел ефикасно, брзо и навремено канализирање на протокот на информации, во подрачјата погодени од поплавите, како и координирано извршување на теренските активности од надлежните институции определи дел од членовите на Владата да координираат со активностите на терен во подрачјата опфатени со поплавите. Активностите се координираа во согласност со Акциски план за превенција и справување со зголемениот обем на врнежи и поплави на подрачјата на Скопскиот и Тетовскиот регион.
Први на помош на населението пристапија сили и ресурси на ЕЛС и Градот Скопје, противпожарните единици, силите на Министерството за внатрешни работи, итната медицинска помош, самопомош од месното население и др.
Со оглед на сериозноста на ситуацијата и обемот на последиците, по дадена наредба на Претседателот на Република Македонија, беше вклучена и Армијата на Република Македонија со задача за пребарање, спасување и транспорт на населението во зафатените подрачја.
Дирекцијата за заштита и спасување го активира и резервниот состав на Дирекцијата, со 250 резервисти, со цел ракување на механизацијата упатена на терен и ракување со пумпите и испумпување на водата од поплавените домови, како и чистење на калта од

домовите, дворовите и домаќинствата.
Министерството за здравство, Црвениот крст на Република Македонија и Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Македонија координирано започнаа со теренски активности за подготовка и дистрибуција на храна и оброци, како и хигиенски пакети за населението од подрачјата опфатени со поплавите.
Со цел расчистување и проодност на улиците во погодените подрачја, Владата на Република Македонија препорача на Град Скопје да ги ангажира и стави во функција „пајак“ возилата, како и препорача на сите единици на локалната самоуправа во Република Македонија, преку своите јавни комунални претпријатија, целокупната механизација (багери, скипери, итн.) да ја стават во располагање и во функција за потребите на Градот Скопје.
Градот Скопје и Општина Гази Баба, веднаш објавија повик за ангажирање на волонтери (доброволци), со цел помош на погодените домаќинства и расчистување на теренот во подрачјата погодени од поплавите.
Континуирано и тековно, на дневна основа, во функција на справување со последиците од силното невреме и поплавите, беа ангажирани дополнителни ресурси и опрема на Дирекцијата за заштита и спасување, јавните комунални претпријатија од град Скопје (ЈП Водовод и канализација, ЈКП Комунална хигиена – Скопје, ЈП Улици и патишта, ЈП Паркови и зеленило“, пајак службата и погребалниот сервис), како и волонтери и сезонски работници. Воедно, Градот Скопје ангажираше вкупно 400 сезонски работници, кои се вклучени во теренските активности во подрачјата опфатени со поплавите.
Градот Скопје, во соработка со ЈКП Комунална хигиена – Скопје, воведе ноќна смена, од 20.00 до 6.00 часот наутро, во функција на расчистување на теренот во поплавените подрачја, особено во расчистување на проодноста на улиците, утовар на угинатите животни, утовар на покуќнина и друг шут. За оваа намена, ЈКП Комунална хигиена – Скопје, ги стави во функција четирите камиони кои можат да подигнат контејнери од 5 метри кубни.
Истовремено, Владата на Република Македонија ги задолжи сите органи на државната управа, а укажа, односно препорача на другите државни институции (јавни претпријатија, агенции, фондови, бироа, заводи, управи, акционерски друштва во државна сопственост итн.) и на единиците на локалната самоуправа, да ги ослободат од работа, во времетраење од пет дена, лицата кои живеат во подрачјата погодени од поплавите, а работат во нивните институции. Исто така, Владата на Република Македонија, преку Министерството за труд и социјална политика упати јавна препорака до сите приватни компании (фирми) дека Владата на Република Македонија препорачува да се ослободат од работа, во времетраење од пет дена, лицата кои живеат во подрачјата погодени од поплавите, а работат во нивните компании (фирми).
Владата на Република Македонија, обезбеди и стави во функција вкупно 1000 водни пумпи (вакум пумпи за испумпување на вода) и 180 пумпи за вадење на кал, агрегати за наведените пумпи како и црева во должина од најмалку 30 метри по пумпа, кои во координација со припадниците на Армијата на Република Македонија и силите за заштита и спасување беа распоредени во подрачјата опфатени од поплавите, особено во утврдените најкритични и приоритетни населени места.
Агенцијата за храна и ветеринарство, веднаш започна со теренски активности за отстранување на угинатите животни од подрачјата зафатени од поплавите. Притоа,

Агенцијата за храна и ветеринарство ја следеше состојбата со останатиот жив добиток во поплавените подрачја, со цел спречување на ширење на болести помеѓу живиот добиток. Покрај тоа, Агенцијата за храна и ветеринарство презема соодветни мерки да не се пуштаат во промет или да се консумира храна или други земјоделски производи кои се неисправни за употреба, а се по потекло од поплавените подрачја.
Владата на Република Македонија формира и Комисија за вршење проценка на оштетувањата на недвижниот и движен имот во подрачјата зафатени со силното невреме и поплавите во скопскиот и тетовскиот регион, со цел да се утврди точниот број на локални комисии (тимови) за проценка на штетите за секое погодено подрачје одделно, составени од стручни лица од областа на градежништвото и земјоделството, како и стручни лица од Бирото за судски вештачења. Тимовите за проценка, преку формираната Комисија за вршење на проценка на оштетувањата на недвижниот и движниот имот во подрачјата зафатени со силното невреме и поплавите во Скопскиот и Тетовскиот регион, на секои две недели до Владата ќе доставуваат извештај од извршената проценка, а Министерството за финансии ќе врши сукцесивна исплата согласно извештајот на комисијата, на секои 15 дена.
Исто така, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во соработка со Агенцијата за храна и ветеринарство, започна со активности за формирање на 10 тимови за проценка на оштетувањата на земјоделските посеви и угинатите животни.
Воедно, Министерството за образование и наука започна со активности во подготовка на првична проценка за реконструкција, односно адаптација на сите училишта во загрозените подрачја, со цел навремено започнување на учебната 2016/2017 година.
Врз основа на првичната проценка на Министерството за образование и наука, започнати се сите потребни активности и постапки за санација и реконструкција на училиштата зафатени од поплавите, а во делокругот на надлежностите на Министерството за образование и наука ќе се обезбедат учебници, книги, персонални компјутери, опрема за мрежно поврзување и друг тип на опрема што е потребна за училиштата во подрачјата опфатени со поплавите (дел од училишниот прибор и опрема за училиштата во подрачјата опфатени со поплавите ќе се обезбедат преку донации).
Истовремено, за сите лица од населените места зафатени од поплавите, а имаат потреба од здравствена услуга од секундарно и терцијарно ниво, истите ќе бидат ослободени од партиципација.
Владата на Република Македонија, на семејствата на загинатите лица предизвикани од обилните врнежи и поплави, што го зафатија Скопскиот и Тетовскиот регион, додели финансиски надомест во висина од 300.000 денари по загинато лице. Дополнително, на вонредна седница на Владата беше донесена одлука за авансна исплата на средства во висина од 30.000 денари по оштетено семејство.
Владата на Република Македонија, согласно расположливата механизација и опрема доставена од Дирекцијата за заштита и спасување и Министерството за транспорт и врски, утврди план со точни локации, итна потреба и координати на дејствување.
Во функција на справување со последиците од силното невреме и поплавите, на помош на Градот Скопје и Општина Гази Баба беа придодадени противпожарните единици од Свети Николе, Куманово, Битола, Кавадарци, Прилеп, Тетово и Гевгелија, со соодветни тимови и противпожарни возила и цистерни за вода.
Исто така, Владата на Република Македонија, преку Министерството за транспорт и врски и Јавното претпријатие за државни патишта со сите нивни ресурси успеа да

обезбеди дополнителна механизација, алат и работна сила во сите населени места и за обиколницата од преку 50 приватни фирми, единиците на локалните самоуправи, јавните претпријатија, и државните институции.
Министерството за транспорт и врски на постојана основа комуницираше со определените одговорни лица од страна на приватните компании кои отстапија механизација, заради навремено извршување на работите на критичните места и полесна координација на терен.
Јавното претпријатие за државни патишта уште во наредниот ден по силното невреме и поплавите, излезе на терен за да изврши увид во направените штети и да предложи план со градежни работи за фазно санирање на најоштетените делници на обиколницата на Скопје, а со оглед на големината на оштетувањата и потребните средства за санација. Со оглед на обемот на оштетувањата, обиколницата беше затворена за сообраќај. Еден од првите приоритет беше истата да се оспособи за сообраќај. Активностите за оспособување и пуштање во употреба на обиколницата ќе ги прикажеме подолу.
ЈП „Македонијапат", со помош од градежната оператива во Република Македонија, пристапи кон преземање најпотребни активности за ставање во функција на обиколницата на Скопје. За пуштање во функција на делот од обиколницата кој е оштетен од поплавите, преземени се следните активности:

- Се исчисти наносот и калта со отпадоци од двата коловоза на сите оштетени делови, најмногу на делницата од клучка Хиподром (односно од км 1+100) до км 6+500;
- Се расчистија пристапните патишта и клучките, но таму сообраќајот се одвива под присуство на полицијата со пренасочување на возилата надвор од пристапите кон најпогодените населби: Стајковци, Синѓелиќ, Црешево, Смилковци и Ченто;
- На делниците со најголеми оштетувања, каде имаше деформација, испукување и однесување на асфалтот, во должина од околу 1 км на двата коловоза, се пристапи кон поставување на слој од тампон со израмнување на делницата за одвивање на сообраќај. Сообраќајот на тој дел по тампон, се одвива според одобрен времен режим на сообраќај, со поставена дополнителна вертикална сигнализација за ограничување на брзината на движење на 30км/ч.;
- Во соработка со другите надлежни институции, на влезовите/излезите од обиколница се поставени корита со средство за дезинфекција;
- Се вади оштетената заштитна еластична ограда и жичената ограда од автопатот и истата се складира во ЈП „Македонијапат". На тие места ќе се постават нови заштитни огради;
- Започната е постапка за проектирање и реконструкција на делот од обиколницата зафатени од поплавите.
- Започната е постапка за дополнителна набавка на механизација на подолг временски период за расчистување на поплавените подрачја.

Министерот за транспорт и врски, м-р Владо Мисајловски, на дневна основа одржуваше координативни состаноци со претставници од ЕВН Македонија, со цел навремено отстранување на прекините во напојувањето со електрична енергија во подрачјата погодени од поплавите.
Исто така, на 10.08.2016 година, во просториите на Секретаријатот за европски прашања се одржа Првиот донаторски координативен состанок за поплавите кои на 6

август 2016 година го погодија Скопје и северозападниот дел од Македонија. На овој состанок присуствуваа д-р Арбр Адеми, заменик на претседателот на Владата, задолжен за европски прашања, Никола Тодоров, заменик на претседателот на Владата и министер за здравство, м-р Кирил Миновски, министер за финансии, д-р Илија Исајловски, заменик на министерот за надворешни работи, како и претставникот на Делегацијата на Европската Унија, Мартин Клауке и Луиза Винтон, координатор на ОН и претставник на УНДП во Република Македонија.
Согласно предлозите изнесени во расправата од страна на сите присутни лица на Првиот донаторски координативен состанок, се донесени следните заклучоци:

- да се препорачува сите дипломатски мисии во Република Македонија да ги информираат нивните централни канцеларии;
- сите информации за планирани донации и очекувана поддршка во врска со неодамнешните поплави во Република Македонија да се споделат со Секретаријатот за европски прашања;
- следниот состанок во врска со ова прашање да се одржи во наредните две недели.

## 1.1 АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА МИНИСТЕРСТВОТО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ:

Од страна на Министерството за внатрешни работи за ефикасно справување со последиците од невремето и остварување на функцијата на Министерството за внатрешни работи преземени се плански мерки и активности. За таа цел од страна на СВР Скопје изготвен е План за преземање на мерки и активности за превенција, рано спречување и справување во услови на кризни состојби со земјотреси, поплави, свлечишта и одрони од земја со кој на подрачјето на СВР Скопје се формира штаб лоциран вообјектот на БППЗ Скоје, кој ги координираше активностите на полициските службеници на терен. Покрај овој, формиран е и мобилен штаб лоциран на автобуска постојка на последна 45 во населба Ченто во чија состав покрај представници од МВР беа и представници од БППЗ Скопје, Здравствен дом Скопје, ДЗС, градоначалниците и представници на општина Гази Баба и Град Скопје.
Министерството за внатрешни работи заради пружање на помош на граѓаните, во функција ги стави сите расположливи човечки и материјално технички ресурси со кои располага.
За справување со штетите од поплавите и пронаоѓање на исчезнатите лица, ангажирани се припадници на СВР Скопје, единиците за специјални полициски операции (Единица за специјални задачи, Единица за брзо распоредување и Посебната единица на полиција), Хеликоптерската единица, Одделот за криминалистичко технички испитувања и вештачења.
Од Одделот за специјални полициски операции во периодот од 6-12.08.2016 година ангажирани се над 2000 припадници со ПМВ и специјални оклопни возила, механизација и хеликоптери, кои учествуваа во евакуирање на лица, потрага по исчезнати лица, укажување на медицинска помош и извлекување возила, чистење на поплавени куќи, испумпување на вода од дворови, чистење на јами, тампонирање на улици, чистење на речно корито и одводни канали.

Од страна на СВР Скопје на дневна основа беа ангажирани од 200 до 300 полициски службеници со околу 50 возила (24 часовно покривање на кризното подрачје) кои преземаа мерки за одржување на јавниот ред и мир на подрачјето зафатено со криза, преку полициски патроли и контролни пунктови на сите влезни и приодни патишта и зголемена позорно-патролна служба, се грижат за нормално одвивање на сообраќајот на патиштата во кризното подрачје и регионот, вршат придружба и ескорт на потребна помош и механизација до местото на криза, учествуваат во пребарување и помош на настрадани и зафатени лица со кризната состојба, како и други мерки и активности согласно констатираните потреби.
За поефикасно следење на состојбите и координација на мерките и активностите во СВР Скопје е формиран Оперативен штаб.
По извршениот претрес на терен, а по претходно договорена динамика за работење, од страна на екипите на терен, а во согласност со насоките од дежурен јавен обвинител за подрачјето на град Скопје, екипи од Министерството за внатрешни работи и тим од погребално претпријатие Бутел, биле пронајдени, идентификувани и документирани 22 починати лица, сите македонски државјани, кои биле комплетно документирани на лице место, а сите биле пронајдени на подрачје на општина Гази Баба.
Според живеалиште, 18 од починатите лица се со живеалиште во Скопје, општина Гази Баба (Гази Баба 10 лица, Стајковци – 2 лица, Сингелиќ – 3 лица, Црешево – 3 лица, Смилковци – 1 лице), 2 лица се од Крива Паланка и по едно лице од Тетово и Куманово.
Како исчезнато лице, во моментов е евидентирано едно дете.
Преку силите за безбедност на Министерството за внатрешни работи, пружена е помош на граѓаните зафатени со поплавите, при што евакуирани се над 2500 лица и укажана е медицинска помош на над 500 лица.

За справување со штетите од поплавите и пронаоѓање на исчезнатите лица, и во овој извештаен период ангажирани се припадници на СВР Скопје, единиците за специјални полициски операции (Единица за специјални задачи, Единица за брзо распоредување и Посебната единица на полиција), Хеликоптерската единица, Одделот за криминалистичко технички испитувања и вештачења.

Сили од Одделот за специјални полициски операции во извештајниот период во соработка со припадници на Армијата на РМ на подрачјето на населба Ченто, Стајковци и Економија го одржуваа посебниот режим на сообраќај на ул„Алија Авдовиќ“ на 5 (пет) контролни пункта на СВР Скопје и патролирање на посочениот простор, на 12 позиции на ул„Алија Авдовиќ“и на 4 (четири) позиции ул„Антон Панов“ (Арачиновски пат). Ангажирани се на дневна основа преку 100 припадници на Одделот за специјални полициски операции.

Од страна на СВР Скопје на дневна основа беа ангажирани од 200 до 300 полициски службеници со околу 50 возила (24 часовно покривање на кризното подрачје) кои преземаа мерки за одржување на јавниот ред и мир на подрачјето зафатено со криза, преку полициски патроли и контролни пунктови на сите влезни и приодни патишта и зголемена позорно-патролна служба, се грижат за нормално одвивање на сообраќајот на патиштата во кризното подрачје и регионот, вршеа придружба и ескорт на потребна помош и механизација до местото на криза, учествуваа во пребарување и помош на настрадани и зафатени лица со кризната состојба, како и други мерки и активности

согласно констатираните потреби.

За поефикасно следење на состојбите и координација на мерките и активностите во СВР Скопје беше ставен во функција Оперативен штаб.

Полициските службеници за цело време на траењето на кризната состојба континуирано и со засиленото присуство на терен работеа на одржување на јавниот ред и мир со 24 часовно полициско патролирање на подрачјето, како и превземање на мерки и активности за контрола на сообраќајот во и околу подрачјето.

Во рамки на редовните активности на Министерството за внатрешни работи, полициските службеници секојдневно беа присутни на локациите каде се собира хуманитарна помош, како и околу објектите каде што се дели хуманитарната помош и на пунктовите за прифаќање на евакуирани лица. Министерството за внатрешни работи формираше увидни екипи, со цел документирање на оштетените возила од поплавите. По криминалистичко техничката обработка на возилата затекнати на јавните површини, истите се враќани на сопствениците или дислоцирани надвор од кризното подрачје, а поради потребата од оспособување на проток на сообраќај на улиците.

Ангажираните сили и ресурси на Министерството за внатрешни работи се дадени во прилог на Извештајот, во табеларен преглед  Прилог бр 1 и Прилог бр 2

## 1.2 АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА ЗДРАВСТВО

Од страна на Министерството за здравство во зафатеното подрачје беа формирани дисперзирани амбуланти во населените места Стајковци и Ченто, каде што се пружаше здравствена заштита на примарно ниво, а дополнително во амбулантите беше обезбедена и специјалистичка здравствена заштита, со цел истата да се доближи до пациентите, поблиску до местото на живеење, заради што центрите за цело време работеа со непрекината 24 часовна работа. Во двете амбуланти беа присутни лекар специјалист за инфективни болести и медицинска сестра (од 8 – 20 часот) со цел давање вакцина и серум против тетанус на повредени лица кои учествуваа во санирање на подрачјето, а вршат и скрининг на евентуални заразни болести. Со зајакнувањето на примарната здравствена заштита и обезбедувањето дополнителна специјалистичка здравствена заштита беа покриени над 14.000 жители во поплавените подрачја. Со цел обезбедување континуирана здравствена заштита за жителите од кризните подрачја, на две места (на последна постојка на автобус бр.45 во населбата Ченто и на автобус бр.65 во Стајковци) беше поставено 24 часовно присуство на возила на Итната медицинска помош. Здравствениот систем одговори со полн капацитет, со доволни капацитети за сместување на повредени лица во болниците. Екипи од ендокринолози од Клиниката за ендокринологија, од ГОБ „8 Септември“ и од Здравствен дом Скопје ги посетуваа инсулинозависните пациенти во овој регион, им делеа терапија и се информираа за нивната здравствена состојба. Според податоци од системот МојТермин во поплавените подрачја има вкупно 284 лица кои примаат инсулинска терапија.

Податоци за ангажираните сили и ресурси од МЗ се дадени во прилог на Извештајот, во табеларни прегледи. (Прилог бр 1 и Прилог бр 2)

### 1.3 АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА МИНИСТЕРСТВО ЗА НАДВОРЕШНИ РАБОТИ

Во почетната фаза по прогласувањето на кризната состојба, Министерството за надворешни работи испрати инструкција до сите Дипломатско конзуларни претставништва на Република Македонија со известување за настанатата елементарна непогода, за податоци за сметките за донации – државна сметка на НБРМ и сметка на Црвениот крст на Република Македонија за донации од физички лица, како и за организација на настани/активности за прибирање хуманитарни донации.
Министерството за надворешни работи одобри предлог активности на Дипломатско конзуларни претставништва на Република Македонија кои испратија барања за согласност за организирање конкретни настани/спроведување на конкретни активности.
Исто така, Министерството за надворешни работи испрати изјава за медиуми од најавите за помош на Република Македонија од пријателските држави, во првите 48 часа, по елементарната непогода.
Воедно, Министерството за надворешни работи испрати нота со известување за настанатите последици, пропратена со сметки за донации и листа на потребни производи за донации.
Подготвена е листата на потреби од страна на Министерството за надворешни работи, во соработка со Министерство за внатрешни работи, Министерство за одбрана, Центарот за управување со кризи, Дирекцијата за заштита и спасување, Град Скопје, Општина Гази Баба и Црвениот крст на Република Македонија.
Оваа листа е испратена до сите Дипломатско конзуларни претставништва на Република Македонија во странство и сите странски Дипломатско конзуларни претставништва акредитирани во Република Македонија, а истата беше искористена и од Дирекцијата за заштита и спасување за потребите на софтверот на Механизмот за цивилна заштита, што отвора неколку канали на донации, меѓу кои донации во рамки на Механизмот (членки на Механизмот се земји членки на Европската Унија и дел од земјите со статус кандидат за член) и билатерални донации.
Министерството за надворешни работи испрати писмо за активација на Механизмот за цивилна заштита на Европската Унија, кој го координира Дирекцијата за заштита и спасување.
Покрај горенаведеното, Министерството активно беше вклучено во надминување на последиците од поплавата преку постојани дипломатски активности кои резултираа со меѓународна помош која ќе ја прикажеме во преглед во Прилог Бр 3 на Извештајот.

### 1.4 АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА ДИРЕКЦИЈА ЗА ЗАШТИТА И СПАСУВАЊЕ

Дирекцијата за заштита и спасување, веднаш по информацијата за природната непогода, даде итна наредба за мобилизација на силите за заштита и спасување и на

сите вработени во Дирекцијата и подрачните одделенија за заштита и спасување во Скопје. Определени беа координатори, кои на различни реони ја преземаат координацијата на терен со останатите присутни единици од другите органи на државна управа и координација во директоратот околу размена на податоци, поддршка на екипите на терен и изработка на дневни извештаи.

Првично е направена мобилизација и на припадници од републичките сили за заштита и спасување со пумпи, и тоа ПОЗС Гостивар 15 лица, со 1 чамец, ПОЗС Куманово 2 лица, ПОЗС Велес 6 лица со 2 чамци, ПОЗС Чаир 20 лица со 1 чамец и 1 чамец од ПОЗС Центар.

Дирекцијата за заштита и спасување изврши дополнителна мобилизација и на други припадници од подрачните одделенија, имајќи ги во предвид, потребите и штетите настанати во погодените региони, и тоа ПОЗС Кичево – 12 лица, ПОЗС Прилеп - 3 лица, ПОЗС Струмица - 6 лица, ПОЗС Велес - 6 лица, ПОЗС Битола - 8 лица, ПОЗС Тетово - 8 лица, ПОЗС Крива Паланка - 1 лице, ПОЗС Гостивар - 4 лица, ПОЗС Кочани - 11 лица, ПОЗС Чаир - 32 лица, ПОЗС Карпош - 8 лица, ПОЗС Гази Баба - 6 лица и ПОЗС Куманово - 10 лица.

Дирекцијата за заштита и спасување ангажираше механизацијата согласно договорот со кој Дирекцијата ангажира дополнителна механизација од приватните компании во услови на постоење на кризна состојба.

Исто така, согласно потребите на терен, Армијата на Република Македонија за потребите на силите за заштита и спасување стави на располагање два чамци и ТППЕ Скопје.

Силите за заштита и спасување, со припадниците на Армијата на Република Македонија и безбедносните сили на Министерството за внатрешни работи координирано ги извлекуваа жртвите од непогодата и координирано пренесуваа преку 1000 лица од поплавените домови до побезбедно место.

Силите за заштита и спасување (екипите и вработените лица од Дирекцијата), во подрачјата опфатени со поплавите во населените места Црешево, Смилковци, Булачани, Сингелиќ, Стајковци и Камник, работат на следните активности: испумпување на вода и чистење на индивидуални куќи, расчистување на улици, тротоари, препреки на патишта од кал и други наноси, со механизација и рачно (со лопати и друга опрема), чистење на каналите во Инџиково, Сингелиќ, Стајковци со механизација и рачно (со лопати и друга опрема), како и ангажирање и насочување на дополнителна градежна механизација на приоритетни локации.

Ангажираната механизација активно беше присутна и ангажирана на подрачјата опфатени од поплавите, особено на главните и локалните патишта, како и испумпување на вода од загрозените домови.

Во помош и логистика на силите за заштита и спасување од Дирекцијата за заштита и спасување во почетниот период на справувањето со последиците пристигна едно лице од тимот испратен преку Механизмот за цивилна заштита, а тимот е екипиран на 10.08.2016 година со пет експерти кои работат од областа на водовод и канализација за испомош на надлежните институции во процена на загрозеноста (загадувањето) за вода и канализација и предлог мерки за надминување на констатираните проблеми. Подоцна се зголеми помошта во тимови и опрема која е прикажана во прилог на Извештајот и истата беше активно вклучена во справувањето со последиците преку Дирекцијата за заштита и спасување.

## 1.5 АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА АРМИЈА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Како што претходно е наведено во овој извештај, а со оглед на обемот на последиците кои настанаа од силното невреме и поплавите што го зафатија градот Скопје и Тетовскиот регион, Претседателот на Република Македонија, веднаш, во текот на истата вечер даде наредба на Армијата на Република Македонија да се вклучи во функција на барање, спасување и транспорт на населението во кризните подрачја.

Првично, од страна на командата и штабот на 1.мпбр е формирано издвоено командно место во дворот на основното училиште „Св. Кирил и Методиј“ во с. Стајковци и ги стави под оперативна команда на издвоеното командно место на 1.мпбр останатите единици од составот на Армијата на Република Македонија.

Согласно текот на активностите по повод актуелната состојба а врз основа на проценка на оперативниот штаб, бројот на ангажирани припадници на Армијата се менуваше на дневна основа. Бројот на ангажирани сили и ресурси од АРМ се дадени во прилог на Извештајот, во табеларен преглед.

Силите на Армијата на Република Македонија беа вклучени во реализација на неколку приоритетни задачи и тоа: обезбедување на ИКМ, координација и помош на Центарот за управување со кризи, Црвениот крст на Република Македонија и на единиците на локалната самоуправа во загрозените подрачја во прифат, распоредување и ангажирање на луѓе и опрема од цивилните субјекти во организација на Центарот за управување со кризи.

Воедно, Армијата на Република Македонија беше вклучена и во транспортот на намирници за исхрана, храна, вода и друг вид на хуманитарна помош за потребите на месното население, во организација и соработка со Црвениот крст на Република Македонија и локалната самоуправа.

Армијата на Република Македонија вршеше воено – полициско сообраќајно регулирање на приодните патишта и паркинг просторите во северниот дел од с.Стајковци во координација со силите на Министерството за внатрешни работи.

Од страна на дел од припадниците на Армијата на Република Македонија извршено е отстранување на последиците од елементарната непогода, при што се исчистени преку 1000 куќи, голем број згради, преку 10 канали и клучните главни шахти. Притоа, извршен е прифат на 20 лица од составот на КФОР со четири теренски м/в, четири кипери, еден камион дигалка, едно санитетско м/в, еден камион со полуприколка, еден натоварувач, еден копач утоварувач, еден копач гасеничар и две влечни возови.

- Реализирани се и следните активности на Армијата на Република Македонија во функција на продолжување со отстранување на последиците од поплавата во кризните подрачја: отпушување на канализација, испумпување на вода и талог од куќите на населението, со фокус на приоритетните локации.

- Армијата на Република Македонија, во текот на активностите увиди дека дел од веќе исчистените куќи повторно се полнат со подземни води или вода од други „извори“ како што е неисправна канализација кај дел од населените места.

- Исто така, имаше и појава на поединечни инциденти од меѓусебни пресметки помеѓу цивилното население, меѓутоа без закани од директни провокации кои може да ескалираат од аспект на безбедноста на военоит персонал.

## 1.6 АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА АГЕНЦИЈА ЗА ХРАНА И ВЕТЕРИНАРСТВО

Заради ангажманот во функција на заштита на здравјето на луѓето од зарази од угинатите животни, контрола на донираната храна, како и заштита на животните кои ја преживеаа поплавата свое место во овој Извештај наоѓаа и Ангажирањето на Агенцијата за храна и ветеринарство.Ангажманот во извештајниот период е прикажан во Табела бр 1 подолу:

Табела бр 1 Safely disposed animal carcasses from the flooded area

| Ред бр. | Animal | Number of safely disposed animal carcasses | Location of the animal carcasses |
|---|---|---|---|
| 1. | Cattle | 23 | Near the road Aracinovo road – Singelic, Singelic |
| 2. | Sheep and goats | 231 | Near the Aracinovo road – Singelic, Smilkovci, Ekonomia, Indzikovo, rest of the animals are found in drainage canals and garbage depony ect. |
| 3. | Kid goats | 1 | Stajkovci |
| 4. | Pigs and piglets | 15 | Stajkovci и Ekonomia, |
| 5 | Hens | 990 | Stajkovci, Singelic, Ekonomia, и Инџиково |
| 6. | Chickens | 291 | Stajkovci, Ekonomia, |
| 7. | Doves | 320 | Stajkovci, Singelic, Ekonomia, |
| 8. | Turkeys | 15 | Stajkovci |
| 9. | Dogs | 24 | Stajkovci, channel Singelic - Ekonomia,, Smilkovci, Singelic |
| 10. | Small dogs | 15 | Stajkovci,channel Singelic - Ekonomia, |
| 11. | Cats | 6 | channel Singelic - Ekonomia,, Singelic |
| 12. | Rabbits | 69 | Stajkovci и Ekonomia, |
| 3. | Beehives | 141 | 66 beehives located in Ekonomia were swept away by the flood, 75 beehives located in Brnjanci were swept away by the flood |
| | | 12 | 12 beehives were damaged by the flood in Ekonomia |
| | | 21 | 11 beehives in Singelic, 10 beehives in Ekonomia were taken away to the Drisla depony |

Агенцијата за храна и ветеринарство, веднаш започна со теренски активности за отстранување на угинатите животни од подрачјата зафатени од поплавите. Притоа, Агенцијата за храна и ветеринарство ја следеше состојбата со останатиот жив добиток

во поплавените подрачја и по потреба преземаше мерки за нивна заштита, со цел спречување на ширење на болести помеѓу живиот добиток.

Агенцијата за стокови резерви врз основа на Одлуката за отстапување на стоки од стоковните резерви на Агенција за храна и ветеринарство бр.42-6467/1 од 14.08.2016 година, издаде на Агенција за храна и ветеринарство 30 000 килограми јачмен како помош сточна храна за живиот добиток од зафатените подрачја. Добиточна храна добиена е и од донатори.

Исто така, Агенцијата за храна и ветеринарство презема соодветни мерки да не се пуштаат во промет или да се консумира храна или други земјоделски производи кои се неисправни за употреба, а се по потекло од поплавените подрачја.

## 1.7 АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА ЕДИНИЦИТЕ НА ЛОКАЛНА САМОУПРАВА

Во најголема мерка активностите во справувањето со последиците од поплавата се спроведуваа со ангажирање на силите и ресурсите на Градот Скопје, како и општина Гази Баба. Ангажирањето на силите и ресурсите се дадени во прилог, во табеларните прегледи Прилог 1 и Прилог 2. За истакнување е дека крајните корисници од сите населени места кои беа зафатени со поплавата за неколку дена беа приклучени на електрична мрежа.

## 1.8 АКТИВНОСТИ, СИЛИ И РЕСУРСИ НА ЦРВЕН КРСТ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Со своите мобилни тимови, Црвениот крст на Р. Македонија во периодот 06.08 – 24.08.2016 година ги имале следните активности за помош на поплавените семејства (Табела бр 2)

Табела бр 2 *Активности Црвен крст*

| **Асистенции** | **Број** |
|---|---|
| Укажана прва помош и асистенции | **180** |
| 1. Вода | 314 тони |
| 2. Храна пакети | 30292 |
| 3. Дневен оброк | 21000 |

| | |
|---|---|
| 4. Топол оброк | 9700 |
| 5. Конзервирана храна | 2792 |
| 6. Душеци | 574 |
| 7. Хигиена пакети (семејни) | 6446 |
| 8. Бебешки сет | 1248 |
| 9. Ќебе-дупло | 4408 |
| 10. Облека | 600 кг |
| 11. Пелени | 861 |
| 12. Млеко | 30591 л |
| 13. Јогурт | 15422 л |
| 14. Бебешка храна – пакет | 90 |
| 15. Чизми | 734 |
| 16. Дезинтал | 341 л |
| 17. Кабаници | 8 |
| 18. Сет за дезинфекција | 62 |
| 19. Кофи | 52 |
| 20. Сирење | 364 кг |
| 21. Влошки | 200 |
| 22. Свеќи | 200 |
| 23. Влажни марамици | 200 |
| 24. Градежна количка | 100 |
| 25. Лопати | 132 |
| 26. Копачи | 35 |
| 27. Маски | 1036 |
| 28. Четки за песок | 91 |
| 29. Црево 50м | 104 |
| 30. Ракавици | 391 |
| 31. Ламби | 100 |
| 32. Шатори | 18 |
| 33. Постелнини | 88 |
| 34. Готвено јадење | 304 |

Црвениот крст своите активности секојдневно ги извршуваше со ангажирање на 150 волонтери.
За медицински транспорт преку Црвениот крст секојдневно беа ангажирани 4 лица

Црвениот крст за своите активности од сродните организации, заклучно со 18.08.2016 година, ги доби следните донации:

| Р.бр | ДОНАТОР | Вид на ПОМОШ |
|---|---|---|
| 1 | Турска Црвена полумесечина | 100 комплета (колички, лопати, копачи, црева, ракавици и чизми) |

| | | |
|---|---|---|
| | Црвен крст на Бугарија | 5.000 евра |
| | Црвен крст на Кина преку Амбасада на Р Кина во РМ | 50.000 USD |
| | Црвен крст на Словенија | 7.000 евра |
| | Црвен крст на Босна и Херцеговина | 10.000 евра |
| | Црна Гора | Храна, хигиена, мат.-технички средства во вредност од 100.000 евра |
| | Донација од граѓани, компании, цркви, организации и др. од Австралија, Америка, Канада, Швајцарија, Франција, Бугарија, Босна и Херцеговина, Луксембург, Норвешка, Германија, Шведска, Данска, Словенија, Хрватска, Србија, Холандија и др. | 64.240 евра |

На солидарната сметка на црвениот крст граѓаните на РМ и правните субјекти преку телекомуникациските оператори како и на наменски отворена жиро сметка може да се донира финансиски средства намементи за населението од зафатеното подрачје. Оваа активност останува и во наредниот период.

## 2. ЗАВРШЕНИ АКТИВНОСТИ, ПРЕТСТОЈНИ АКТИВНОСТИ И АКТИВНОСТИ КОИ КОНТИНУИРАНО СЕ СПРОВЕДУВААТ:

2.1 Завршени активности:

- Завршена е постапката со идентификација на погинатите 22 лица. Сеуште не е пронајдено исчезнатото лице, продолжуваат активностите за негово пронаоѓање;
- Исчистени се главните сообраќајници во афектираните подрачја;
- Тампониран и пуштен е во употреба делот од обиколницата на Автопатот со привремен режим на сообраќај;
- Отстранета е водата и калта во најголемиот дел од поплавените домаќинства
- Оспособена е електричната инсталација и пуштена е електрична енергија до крајните корисници;
- Оспособена и пуштена е во употреба телекомуникациската мрежа;
- Обезбедена и дистрибуирана е вода, храна, лекови, хигиенски материјали, облека, обувки, ќебиња и душеци за граѓаните во афектираните подрачја. Во организација на Министерството за труд и социјални работи, прифатот и дистрибуцијата ја вршеше Црвениот крст на Република Македонија;
- Обезбедена и дистрибуирана е храна за неколку дена за преживените животни во фармите лоцирани во афектираните подрачја (преку Агенција за стокови резерви и од донации).
- Извршено е подигнување и нештетно отстранување на мршите од угинатите животни;
- Извршено е расчистување на споредната патна инфраструктура од наноси од

кал, смет и оштетени возила;
- Чистење и поправка на комуналната инфраструктура (водоводна и канализациона);
- Активиран е механизмот за меѓународна помош за итни состојби на Европската унија;

2.2 Престојни активности
- Реконструкција на патната инфраструктура вклучувајќи го и делот од уништениот автопат;
- Утврдена се предлог приоритетна листа на улици за санација во населените места од зафатеното подрачје
- Реконструирана е каналската одводна мрежа.

2.3 Активности кои континуирано се спроведуваат

- По завршената кризна состојба активностите за справување со последиците ги превземаат институциите во рамките на редовната работа.
- Обезбедено е сместување во прифатните центри до целосно надминување на проблемот на најпогодените семејства;
- Континуирано се вршат активности за дезинфекција, дезинсекција и дератизација;
- Расчистување на земјоделските површини од тиња и кал;
- Се врши утврдување на штетите преку формираните комисии;
- Функционирање на наменска солидарна сметка на Црвениот крст

*Преглед на ангажирани сили по денови и субјекти во кризната состојба од 07.08 до 22.08 2016 година*

| **Преглед на ангажирани сили по денови и субјекти во кризната состојба од 07.08 до 22.08 2016 година** | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Дата | ЕЛС (ТППЕ, ЈКП,ЈП Водостопанство ,ТППЕ од соседни ЕЛС, волонтери) | ДЗС | МВР | МЗ (Итна мед.помош, Времени амбуланти, патронажа и сили на ЦЈЗ) | АР М | Црвен Крст | Вкупн о |
| 07.08.16 | 348 | 161 | 400 | 76 | 616 | | 1601 |
| 08.08.16 | 333 | 160 | 63 | 76 | 349 | 60 | 1041 |
| 09.08.16 | 423 | 85 | 60 | 76 | 432 | 60 | 1136 |
| 10.08.16 | 334 | 110 | 100 | 76 | 588 | 80 | 1288 |
| 11.08.16 | 383 | 36 | 129 | 76 | 570 | 110 | 1304 |
| 12.08.16 | 251 | 120 | 134 | 97 | 548 | 120 | 1270 |
| 13.08.16 | 172 | 60 | 155 | 85 | 305 | 120 | 897 |
| 14.08.16 | 358 | 60 | 170 | 87 | 278 | 120 | 1073 |
| 15.08.16 | 267 | 80 | 190 | 111 | 253 | 120 | 1021 |
| 16.08.16 | 181 | 85 | 202 | 112 | 210 | 150 | 940 |
| 17.08.16 | 177 | 88 | 171 | 115 | 115 | 150 | 816 |
| 18.08.16 | 171 | 85 | 120 | 109 | 140 | 150 | 775 |
| 19.08.16 | 62 | 85 | 83 | 109 | 260 | 150 | 749 |
| 20.08.16 | 62 | | 80 | 88 | 30 | 150 | 410 |
| 21.08.16 | 33 | | 100 | 91 | 250 | 150 | 624 |
| 22.08.16 | | | 99 | 108 | | 150 | 357 |
| **Вкупн о** | **3555** | **1215** | **2256** | **1492** | **494 4** | **1840** | **15302** |

Прилог бр 2

*Преглед на ангажирани ресурси по вид субјекти во кризната состојба од 07.08 до 22.08 2016 година*

| Overview of the dedicated resources of the different entities in dealing with the crisis from 07.08 to 22.08 2016 | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Time period** | | **entity** | | | | | | | | **total** |
| | | Directorate for Protection and rescue ДЗС (сопствени и со договор) | Army of R.Macedonia | Ministry of interior | Fire fighting brigade | Fire fighting unit | Јавни претпријатија од ЕЛС | Итна медицинска помош | Меѓународна помош | |
| 07.-13.08. 2016 | Градежни машини | 25 | | | | | 14 | | | 39 |
| | Камиони | 24 | 56 | | | | 6 | | | 86 |
| | Патнички возила | 1 | | 500 | | | 3 | | | 504 |
| | Пумпи за вода и | 53 | | | 17 | 7 | 7 | | 69 | 153 |
| | Цистерни за вода | | 1 | | | | 13 | | | 14 |
| | Фекални цистерни | | | | | | | | | |
| | Трактори | | | | | | | | | |
| | Фриколки | | | | | | | | | |
| | Санитетски возила | | | | | | | 6 | | 6 |
| | Агрегати | 1 | | | | | 3 | | | 4 |

| | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ПП возила | | | | | 6 | | | | 6 |
| | Други специјални возила | | | | | | 5 | | | 5 |
| 14.-22.08. 2016 | Градежни машини | 45 | 29 | | | | 7 | | | 81 |
| | Камиони | 33 | 34 | | | | 13 | | | 80 |
| | Патнички возила | | | | | | | | | |
| | Пумпи за вода и | | | | 3 | 1 | 2 | | | 6 |
| | Цистерни за вода | | | | 3 | | 27 | | | 30 |
| | Фекални цистерни | | | | | | 2 | | | 2 |
| | Трактори | | 4 | | | | | | | 4 |
| | Приколки | | | | | | | | | |
| | Санитетски возила | | | | | | | 6 | | 6 |
| | Агрегати | | | | | | 2 | | | 2 |
| | Други специјални возила | | | | | | 16 | | | 16 |
| **Вкупно** | | **182** | **124** | **500** | **23** | **14** | **120** | **12** | **69** | **1044** |

*Меѓународна помош преку МНР активности , одлуки и реализација*

| Одлуки за помош 8/19/2016 | | | | |
|---|---|---|---|---|
| Бр. | Држава/институција /организација | Вид на помош | Износ во евра | Извор |
| 6 | Австрија | - 500000 еур.<br>- Мобилни агрегати 3<br>- Пумпи за кал 10<br>- Фамилијарен сет за хигиена IRFC 300<br>- Ќебиња IRFC стандард 200<br>- Вреќи за спиење 500<br>- полски кревети 500<br>- Моторни пили 10 | 500000 | МНР/СЕП/ Преку европскиот систем за цивилна заштита |
| 21 | Босна и Херцеговина | Тим од 14 лица со опрема агрегати, пумпи, заштитна облека, сетови за прва помош и др. 10000 евра преку Црвен Крст | 10000 | На билатерална база |
| 25 | Бугарија | 2 модули за пумпање со висок капацитет и санација<br>- 3 агрегати 6,5 кв.<br>- 11 пумпи<br>- 504 кг. Средства за дизинфекција<br>- 64 шатори<br>- 200 полски кревети<br>- 300 заштитни ракавици<br>- 4500 кабаници | 5000 | Преку европскиот систем за цивилна заштита и преку билатерални врски |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | - 305 гумени чизми<br>- 10 јажиња<br>- 50 продолжен кабел<br>- 8 кабли 2/4 кв.<br>- 709 лопати<br>- 110 кофи<br>- 25 гребла<br>- 30 колички<br>- дополнителни 5000 евра преку црвен Крст | | |
| | Хрватска | Најавени 200000 | 200000 | МНР |
| 14 | Чешка | Преку Чешкото МНР 60000 евра<br>- 8 агрегати<br>- 47 пумпи | 60000 | СЕП/ Преку европскиот систем за цивилна заштита |
| 1 | ЕУ | - 150000 евр. Во хуманитарна помош за населението во загрозените подрачја и распоредување на специјални тимови. Тим од цетворица експерти е распореден за проценка и давање препораки за оштетената канализациска и водоводна мрежа. Шест земји ( Австрија, Чешка, Грција, Унгарија, Србија и Словачка) имаат одговорено со хуманитарна помош координирани преку Механизмот. Комисијата обезбеди сателитски снимки од Copernicus | 150000 | СЕП |
| 9 | Германија | Експерт за вода | | СЕП |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 17 | Грција | - 5 мобилни пумпи за вода<br>- 5 агрегати<br>- билатерална помош | | Преку европскиот систем за цивилна заштита |
| 8 | Унгарија | Одлука за помош/ се пара лице за контакт за дистрибуција/<br>- 200 ќебиња<br>- 250 вреќи за спиење<br>- 250 полски кревети<br>- 800 лопати<br>- 1000 гумени чизми<br>- 5000 пешкири<br>- 1000 заштитни маски<br>- 1400 заштитни ракавици<br>Билатерално – средства за дезинфекција и храна | | СЕП/ Преку европскиот систем за цивилна заштита и блиатерално |
| 19 | Италија | Најавени 200000 евр. | 200000 | Италијанско МНР и Меѓународна соработка, Генерален директорат за Соработка и Развој |
| 20 | JICA | 113000 евра опрема | 113000 | Јапонска агенција за меѓународна соработка- на билатерална база |
| 22 | Косово | Материјална помош | | На билатерална основа |
| | Косово UNMIK | 473 конзерви храна | | МНР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 15 | Црна Гора | 6 камиони хуманитарна помош ( 100000 евр.) финансиска помош ( 100000) | 200000 | МНР |
| 16 | НАТО/ Севрно-атлантски центар за одговор при катастрофи | Понудена помош за санација на штетите предизвикани од невремето и поплавите | | Воспоставени контакти со мисијата на РМ во НАТО-Брисел |
| 12 | Холандија | - Експерт + дополнителна помош<br>- 25 сетови за одржување во живот за деца<br>- 10 палети медицинска помош<br>- 160 сетови за одржување во живот<br>- 500000 евра медицински пакети вклучувајки 20 палети спасувачка опрема, сетови за интубација, сетови за имобилизација, маски за кислород, мерачи на крвен притисок, гастрична цевка, кебиња, завој за деца и возрасни | 500000 | Преку Европскиот механизам за цивилна заштита |
| 5 | ОБСЕ | Најавени 150 волонтери ( ?)<br>30 рачни светилки | | СЕП |
| 18 | Полска | Најавени 12000 евр. Преку Црвен Крст | 12000 | Полска Амбасада |
| 7 | Русија | Помош преку Министерство за брзи интервенции ќе биде дополнително прецизирано | | СЕП |
| 23 | Србија | Медицински тимови | | Преку Европскиот |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 24 | | | | механизам за цивилна заштита |
| 24 | Словачка | - 6 пупми за кал<br>- 300 индивидуални сетови за хигиена<br>- 600 литри течност за дезинфекција<br>- 50 лопати<br>- 1000 пешкири<br>- 2000 кабаници<br>- 336 ќебиња<br>- 300 вреќи за спиење<br>- 80 полски кревеети<br>- 10 шатори | | Преку Европскиот механизам за цивилна заштита |
| 13 | Словенија | Експерт + 2 дополнително и 7000 евр. Преку Црвен Крст | 7000 | СЕП |
| 10 | Шведска | Вклучени преку ЕУ механизми | | СЕП |
| | Швајцарија | 8 x 2500 w чистачи под висок притисок, вкупно 2000 евр. | 2000 | СЕП |
| | Турција | Најавени 15000 преку Црвен Крст | 15000 | МНР |
| | Кинеска Амбасада | 50000 | 44000 | СЕП |
| 2 | УНДП | Ќе земат учество во изработка на извештајот за процена на потребите | 100000 | СЕП |
| 3 | УНДП + СБ+ЕУ | Тим за изработка на извештајот за процена на потребите | | Првите експерти же бидат на терен од 22 до 30 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| | | | | август |
| | USAID/USA | - 50000 долари за Македонскиот центар за Цивилно образование за итна помош<br>- 30000 се релоцирани од буџетот на USAID наменети за проектот на Македонскиот Центар за Цивилно образование за меѓуетничка интеграција во образованието, за потребите чистење и поравка 3 училишта оштетени од поплавите | 96800 долари | СЕП |
| 4 | Светска Банка | Отворени за дијалог за финансирање инфраструктура за превенција од поплави на долг периот. Фокус на активности на среден и долг период . Врз база на извештајот постои можност за финансирање на грантови и подигање на кредитни линии за реконструкција и инфраструктурни проекти | | СЕП |
| | | | 2214800 Евра | |